ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
Су.бр.1586/23
21.11.2023 год

Врз основа на чл. 22 и чл.23 од Законот за работни односи (Сл. Весник на РМ 167/15) в.в. со чл.3 од ЗИД на Законот за работни односи (Сл.весник на РМ бр.120/18) и чл. 39 од Правилникот за систематизација на работните места во Основен суд Кочани Су.бр. 04-46/18 од 24.12.2018 година и известувањето на Министерството за финансии бр.08-503/5 од 13.11.2023 година,Основниот суд во Кочани на ден 21.11.2023 год. го објавува следниот:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.2/23**

За вработување на „хигиеничар" - 1 извршител на неопределено време

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови:

1. Да е државјанин на Република Македонија ;
2. Активно да го користи македонскиот јазик;
3. Да е полнолетен ;
4. Да има општа здравствена способност;
5. Да не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;.

Покрај општите услови кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

1. Да има завршено средно или основно образование;
2. Да е со или без работно искуство;

Основна нето плата изнесува 22.101 денари.

Работно време од 06 до 09 часот и од 15.30 до 20.30 часот од понеделник до петок, работни часови 40 неделно.

Во прилог на молбата кандидатите да ги достават следните документи:

1. Доказ за завршено образование ;
2. Уверение за државјанство ;
3. Потврда дека не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;
4. Потврда за работно искуство; ( доколку го има)
5. Лекарско уверение; ( ќе достави избраниот кандидат)

Рок во кој ке се врши изборот:

До колку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати, изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

Пријавите со потребните документи се поднесуваат до Основен суд – Кочани ул. „Никола Карев“ бр.4 Кочани и непосредно во приемно одделение на судот, со назнака за оглас бр. 2/23 за работно место - хигиеничар, во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници “Вечер ” и “Koha”.

Основен суд Кочани,
Претседател на судот
М-р Сузана Милевска